# Merlot Single Vineyard Reserva 2007




Виното е добиено 100% од сортата на грозје Мерло. Се одликува со интензивна и свежа рубин црвена боја и убава подвижност. Во мирисниот дел, како резултат на 18 месечното одлежување во нови барик дабови буриња е присутна група на терциерни ароматни соединенија кои го прават ова вино комплексно, созреано и изградено. На почеток ванилински-димлив, но како виното дише и се изложува на контакт со воздухот, се повеќе се истакнуваат зачинско-овошните ароми, претставени пред се во комбинацијата на каранфилче и црна цреша. На вкус виното е полно, хармонично со висок екстракт и со изразена свежина која ја потенцира цврстата структура. Танините се нагласени, но сепак складни и сомотни и претставуваат основа за подолгогодишно созревање во шише.

Уживајте во виното со месо, дивеч, јаки сирења и разновидна зачинета храна. Да се консумира на температура од 14-16°C. Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

НАГРАДИ:

Полнето: Јули, 2009

- Mundus Vini 2009, Злато
- Gast 2010, Злато
- Premium Select Wine Challenge 2010, Три звезди